Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02), Програмата за социјална заштита за 2026 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 19/25 од 31.12.2025“), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за обезбедување на услуга – Обука на лични асистенти за лица со попреченост

Општина Битола објавува јавен повик за избор на лиценцирани обучувачи за спроведување на обука на лични асистенти за лица со попреченост, согласно Програмата за социјална заштита.

**Услови за учество**

Право на учество имаат сите правни и физички лица кои ги исполнуваат следниве услови:

- Поседуваат соодветна лиценца за спроведување на обуки за лични асистенти за лица со попреченост / верифицирана програма.
- Имаат искуство во областа на социјалната заштита и обуката на асистенти.
- Можат да обезбедат соодветна обука која води кон сертифицирање на учесниците.

**Критериуми за избор:**

При изборот на обучувач, предност ќе имаат понудувачите кои:

- Обезбедуваат сертификација на лицата кои ќе ја поминат обуката.
- Имаат претходно искуство во спроведување на ваков тип на обуки.
- Лицата кои ќе ја завршат обуката ќе бидат работно ангажирани (преку договор на дело).

**Потребна документација за пријавување**

- Пополнет Образец за пријавување (достапен на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk).
- Тековна состојба од Централен регистар на РСМ (може и копија) не постара од 6 (шест) месеци за апликантот.
- Кратка биографија (CV) или профил на организацијата.
- Доказ за поседување лиценца за спроведување на обуката.
- Предлог програма за обука и методологија.
- Финансиски план на обука
- Докази за претходно искуство (референци, препораки).

Документацијата се доставува во архива или по пошта на адреса:

Општина Битола, Сектор за економски развој, јавни дејности и ИТ; Булевар „1-ви Мај“ бр.61; (со назнака – Пријава за обезбедување на услуга – Обука на лични асистенти за лица со попреченост) во рок од 10 работни дена од денот на објавување на овој повик заклучно со **31.07.2026**.

Пријавите доставени по е-маил нема да бидат разгледувани.

Пријавите со нецелосна документација нема да бидат разгледувани.

Учесниците на Јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на одлуката на Комисијата за **јавен повик за** обезбедување на услуга – Обука на лични асистенти за лица со попреченост.

Дополнителни информации или прашања може да се поставуваат на е-маил: simonajoveska132@gmail.com и моб: 071385682.

Бр.08- 898/1
20.07.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА БИТОЛА